**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1303-358/8**

**Скопје, 05.12.2008 година**

**ДО**

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ШУМИ**
**"МАКЕДОНСКИ ШУМИ" - П.О.**
**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавно претпријатие за стопанисување со шуми "Македонски шуми" П.О. Скопје (во понатамошниот текст "Македонски шуми") за 2007 година, кои се прикажани на страните од 18 до 21.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државната ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на „Македонски шуми"-ПО Кичево за 2003 година. За годината 2006 која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија на финансиските извештаи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Владимир Бахчовановски - директор од 14.11.2006 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 17 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 14.04.2008 до 05.09.2008 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од страна на законскиот застапник на јавното претпријатие добиени се забелешки на точките 10.1.1.; 10.1.2.; 10.2.1.; 10.2.2.; 10.2.3.; 10.2.4.; 10.2.5.; 10.3.1.; 10.3.2.; 10.3.4.; 10.4.1; 10.5.1.; 10.5.8. и 13.4. од Претходниот извештај, број 1304-358/7 од 30.10.2008 година, истите овластениот државен ревизор ги разгледа и не ги прифати, освен во делот на точката 10.5.1. кој се однесува на дополнително доставени податоци за Подружница „Кратово“.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Систем на интерни контроли во процесите

#### Процес на располагање со парични средства во готово

11.1.1. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на наплата и плаќање, односно располагање со паричните средства во благајната констатиран е ризик на можни злоупотреби на истите, заради нецелосна уплата на дневниот пазар на сметката во носителот на платен промет, користење на истиот за материјални трошоци кај дел од Подружниците и исплати на име аванси што не е во согласност со одредбите од Законот за платниот промет. Непостоењето и нефунционирање на интерни котроли во овој процес предизвикува ризик од незаконско и ненаменско користење на средствата.

#### Процес на јавни набавки

11.1.2. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на јавни набавки и следење на нивната реализација, констатирано е дека не се воспоставени соодветни контролни системи и постапки (ex-ante и ex-post финансиска контрола), со што се создава ризик од недоследно почитување на законските и подзаконските акти во делот на јавните набавки, набавка на производи и услуги по најповолни цени и услови и соодветно користење на средствата, што не е во

согласност со одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Ваквата состојба има за последица ризик од необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминирачка положба на понудувачите, транспарентност и јавност во набавките и законско користење на средствата.

**Препорака:**

Надлежните органи на претпријатието да пристапат кон пропишување, донесување и имплементирање на контролни постапки во погоренаведените процеси.

11.2. **Неправилна примена на акти**

11.2.1. “Македонски шуми” во сметководствената евиденција на име обврски за данок на додадена вредност, обврски за данок од добивката, обврски за персонален данок на други примања и персонален данок од плати заклучно со известувачкиот датум 31.12.2007 година искажува обврска во вкупен износ од 1.146.601 илјади денари и тоа како што следува:

- данок на додадена вредност во износ од 851.222 илјади денари;
- данок од добивка во износ од 112.620 илјади денари;
- обврски за персонален данок на други примања во износ од 77.227 илјади денари и
- персонален данок од плати во износ од 105.532 илјади денари.

До денот на ревизијата обврската за данок на додадена вредност изнесува 928.859 илјади денари, обврската за данок од добивка е непроменета, персоналниот данок на други примања изнесува 71.006 денари, а персоналниот данок од плати изнесува 98.043 денари, што не е во согласност со одредбите од Законот за данокот на додадена вредност, Законот за данокот на добивка и Законот за персоналниот данок на доход. Непочитувањето на одредбите од наведените законски акти и непревземањето на мерки и активности за плаќање на наведените даноци предизвикува потценување на приходите на Буџетот на Републиката за годината за која субјектот имал обврска да ги уплати соодветните даноци.

Министерството за финансии-Управа за јавни приходи на ден 14.03.2007 година донесува Решение за одобрување на плаќање на даночниот долг (Данок на додадена вредност, данок од добивка, персонален данок, камата за ненавремено плаќање и други дополнителни давачки) во износ од 1.174.243 илјади денари на 12 еднакви месечни рати. Менаџментот на “Македонски шуми” на ден 09.03.2007 година и 04.01.2008 година упатил барање до Министерството за финансии-Управа за јавни приходи за одлагање на плаќање на даночниот долг.

11.2.2. На име обврски за плати и придонеси од плати од минати години “Македонски шуми” во сметководствената евиденција искажува обврска во вкупен износ од 267.734 илјади денари и тоа како што следува:

- придонес за пензиско и инвалидско осигурување во износ од 199.265 илјади денари;

- придонес за здравствено осигурување во вкупен износ од 45.873 илјади денари;
- придонес за вработување во износ од 22.596 илјади денари;

До денот на ревизијата склучен е Договор заведен под број 03 – 5008/1 од 26.10.2007 година со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за одложено плаќање на заостанатите придонеси за здравствено осигурување и истите се подмируваат по одредена динамика. За искажаната обврската за придонесот за пензиско и инвалидско осигурување склучен е Договор број 03-1777/1 од 27.03.2007 година за начинот на измирување на заостанатите обврски со утврдена динамика на плаќање која не се почитува од страна на претпријатието. Неплаќањето на пресметаните придонеси на име плати не е во согласност со одредбите од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Законот за здравствено осигурување и Законот за вработување. Непочитувањето на одредбите на наведените законски акти и непревземањето на мерки за плаќање на придонесите од плати предизвикува потценување на приходот на фондовите каде се уплатуваат придонесите за годината за која “Македонски шуми” имало обврска да ги уплати придонесите.

**Препораки:**

“Македонски шуми” во соработка со основачот – Владата на Република Македонија и надлежните органи да пристапат кон уредување на начинот на подмирување на заостанатите даноци и придонеси и обезбедување услови за континуирано и навремено подмирување на тековните обврски на име даноци и придонеси.

“Македонски шуми” да воспостави соодветни процедури и постапки кои ќе овозможат плаќање на јавните давачки во моментот на настанување на нивната обврска.

11.2.3. Во сметководствената евиденција на “Македонски шуми” на име обврски кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство искажани се неизмирени обврски во вкупен износ од 60.405 илјади денари и тоа:

- за шумска полиција износ од 53.896 илјади денари и
- за проширена репродукција износ од 6.509 илјади денари,

До денот на ревизијата обврската за шумска полиција изнесува 54.810 илјади денари, а обврската за проширена репродукција изнесува 26.992 илјади денари. Неплаќањето на пресметаните обврски не е во согласност со одредбите на Законот за шуми. Непочитување на одредбите од Законот, непревземање на мерки за плаќање на пропишаните обврски предизвикува потценување на приходот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно оневозможување на доволно средства за реализација на Годишната програма за пошумување на голини и ерозивни земјишта..., гаснење на шумски пожари..., нега и превентивна заштита..., обезбедување на саден материјал и изградба на патишта заради пошумување на голини.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење на претпријатието во соработка на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да превземе активности за уредување на начинот на подмирување на заостанатите обврски и редовно плаќање на тековните обврски.

11.2.4. “Македонски шуми” во трговските книги искажува материјални средства (земјиште и градежни објекти) за кои не постои целосна веродостојна документација (имотни листови) со кои се докажува сопственоста чија сегашна вредност на 31.12.2007 година изнесува 52.472.369 илјади денари. На ревизијата не и беа презентирани имотни листи од кои може да се констатира дали имотот кој е евидентиран во сметководствената евиденција на име материјални средства (земјиште и градежни објекти) е во целосна сопственост на “Македонски шуми”, дали дел од имотот во јавната книга се води на Република Македонија – корисник “Македонски шуми” или на трети лица. Ненавременото превземање мерки и активности за задолжително запишување на правото на користење, управување и располагање со недвижности во јавната книга и за пријавување во општинската геодетска управа за промените на правата на недвижностите, промена на катастарската култура на земјиштето, што не е во согласност со членовите 10, 50 и 85 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите и член 148 од Законот за сопственост и други стварни права, неможност од утврдување на сопственоста на градежните објекти и земјиште со кои располага и стопанисува “Македонски шуми“, ризик од отуѓување на истиот од страна на други субјекти, нереално и необјективно прикажување на позицијата материјални средства во Билансот на состојба.

**Препорака:**

“Македонски шуми” да превземе мерки и активности за целосно запишување на правото на користење, управување, располагање со недвижностите, пријавување на промените на недвижниот имот и промена на катастарската култура во јавните книги кај надлежниот орган.

11.2.5. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки констатирани се состојби кои не се во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки и склучените договори за сеча, дотур и превоз на техничко и огревно дрво и тоа кај:

**Меѓународен Отворен повик 07-3357/2 од 17.11.2006 година во вредност од 738.418 илјади денари.**

- не е извршено усогласување на Планот за јавни набавки со Производно-финансовиот план, односно Планот за јавни набавки е со поголема вредност од 154.741 илјада денари и содржи поголеми количини од утврдените во Производно-финансовиот план и тоа , за сеча на техничко дрво 20.431м$^3$, за дотур на техничко дрво 17.819 м$^3$, утовар и растовар на техничко дрво 85.013 м$^3$ и превоз на техничко дрво 18.929м$^3$.
- Записникот за јавно отварање не ги содржи пропишаните податоци утврдени со законот, а пред се цената односно вредноста на понудата.
- Извештајот за извршената евалуација не ги содржи пропишаните/потребните податоци утврдени со законот а пред

се не е наведена вредноста на набавката, не е наведена комплетна адреса и седиште на пријавените понудувачи, нема аналитички приказ на бараните и доставените докази што се однесуваат на способноста на понудувачите, не е дадена цената на понудата и евентуалните попусти, нема образложение за предлогот за избор на најповолни понудувачи, нема образложение за неизбор на одредени позиции, нема ранг листа со освоени бодови, нема список на понудувачи кој комисијата ги предлага како најповолни.

- на ревизијата не и е презентирана соодветна документација со која би се добило разумно уверување дека е извршена примена на критериумот (квалитет) за вреднување на доставените понуди;
- Одлуката за избор на најповолни понудувачи не ги содржи пропишаните/потребните податоци утврдени со законот а пред се податоци за избраните понудувачи, причините за изборот односно неизборот на понудувачите.
- не се обезбедени веродостојни документи за навремено известување на елиминираните понудувачи и за причините за нивниот неизбор.
- не е извршено доставување на копии од договорите до Бирото за јавни набавки.
- не е обезбедена банкарска гаранција во висина од 10% од вредноста на договорот, за навремено и кавалитетно извршување на договорот согласно предвидените услови во договорот.

**Повторен Меѓународен Отворен повик број 07-3357/10 од 14.02.2007 година во вредност од 738.418 илјади денари.**

- Комисијата за жалби по јавни набавки со Решение број 46-218/2 од 27.04.2007 година ја поништува Одлуката за избор на најповолен понудувач по Меѓународниот отворен повик бр. 07-3357/2 за изведување работи во оддели на шумско стопански единици за фази сеча, дотур, утовар и превоз на дрвни сортименти за потребите на “Македонски шуми “. Со Решение за измена и дополна на претходно донесеното решение се врши поништување на Одлуката за избор на најповолен понудувач по Меѓународниот отворен повик бр. 07-3357/2, во одредени Подружници, во одредени оддели/пододдели и за одредени фази, иако веќе еднаш поништената Одлука (Решение број 46-218/2 од 27.04.2007) се однесува за сите Подружници, оддели/пододдели и фази.
- Комисијата за жалби по јавни набавки на 27.06.2007 година донесува трето Решение (број 46-218/8) со кое ја поништува Одлуката за избор на најповолен понудувач и тоа во делот за превоз во ПШС Кавадарци, ПШС Плачковица - Радовиш, како и во деловите за кои утврдил дека нема најмалку две прифатливи понуди односно извршил неизбор.
- Повторениот Меѓународен отворен повик број 07-3357/10 објавен е на 14.02.2007 година без претходно да заврши жалбената постапка при Комисијата за жалби по јавни набавки на Владата на Република Македонија и без да се донесе соодветен акт/одлука за јавна набавка од надлежниот орган.
- “Македонски шуми” пред донесувањето на Решенијата од Комисијата за жалби по јавни набавки на Владата на Република Македонија, по Меѓународниот отворен повик бр.

07-3357/2 , склучило договори со избраните понудувачи кои не поднеле жалбени барања со што не постапиле согласно одредбите на Законот за јавни набавки, понудувачите ги ставиле во нееднаква и дискриминирачка положба и го довеле во прашање законското користење на средствата.

**Препорака:**

Надлежните органи на раководење на “Македонски шуми” да пристапат кон пропишување на политики за континуирано едуцирање на вработените/лицата за подготвување и спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки, вклучувајќи ја и реализацијата на договорите за јавни набавки.

11.3. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.3.1. Не се превземени активности за доследно применување на донесените сметководствени политики за начинот на признавање и непризнавање на краткорочните побарувања во финансиските извештаи, што не е во согласност на Меѓународните сметководствени стандарди и Правилникот за содржината на одделните сметки во Сметковниот план. Непревземањето на потребните активности за примена на наведените политики предизвикува “Македонски шуми” за тужените/сомнителните и спорни побарувања да не превземе активности за нивно соодветно евидентирање/вредносно усогласување, кое има за ефект, нереално и необјективно искажување на наведените побарувања во трговските книги, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и релеватноста и веродостојноста на информациите кои ги даваат истите.

**Препорака:**

Менаџментот и Управниот одбор да превземат мерки и активности за доследно почитување на пропишаните сметководствени политики, да изврши признавање односно депризнавање на краткорочните побарувања и нивно искажување во трговските книги.

11.3.2. “Македонски шуми” во Билансот на состојба на позицијата побарувања од купувачи во земјата има евидентирано побарувања во вкупен износ од 249.483 илјади денари (што претставува 40,64% од вкупните побарувања во износ од 613.935 илјади денари) за кои ревизијата констатира состојби кои укажуваат на ненавремено превземени мерки за нивно обезбедување и наплата и тоа:

- побарувања од купувачи во износ од 143.207 илјади денари кои се утужени и за кои до денот на ревизијата нема завршница, а дел од комитентите се во стечај или се ликвидирани,
- побарувања од купувачи постари од три години во износ од 81.963 илјади денари и
- побарувања од купувачи во износ од 24.313 илјади денари чија старосна структура е од една до три години, а за кои “Македонски шуми” направило проценка дека се ненаплативи од причина што комитентите не се во можност да извршат плаќање.

Нецелосно превземените мерки за обезбедување и наплата на наведените побарувања не е во согласност со Законот за облигациони

односи. Ваквата состојба предизвикува искажување на побарувања во трговските книги за кои не постои можност за нивна наплата или нивната наплата е неизвесна од причина што се работи за застарени побарувања, побарувања од субјекти кои се ликвидирани и побарувања од коминтенти за кои е извршена проценка дека не се во можност да извршат плаќање, нереално и необјективно прикажување на позицијата во финансиските извештаи и намалување на солвентноста и ликвидноста на претпријатието.

**Препораки:**

Менаџментот и Управниот одбор да превземат мерки и активности за наплата на ненаплатените побарувања и за истите за кои ќе оцени дека се ненаплативи да донесе соодветен акт за отпишување.

Надлежните органи за управување и раководење да превземат активности за пропишување, донесување и имплементирање на политики за обезбедување на побарувањата.

11.3.3. На позицијата производи во туѓ склад во Подружниците Берово, Велес и Охрид евидентирани се производи (паркет) дадени кај други правни субјекти на доработка и тоа 1.492,69 м2 паркет во вредност од 826 илјади денари. Наведеното салдо потекнува од 2002 година и за истото на ревизијата не и е презентиран документ дека е извршен попис, не е добиена пописна листа од субјектот кај кого се дадени производите на доработка, а претпријатието не превземало активности за осознавање и утврдување на фактичката состојба на дадените производи што не е во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Непревземањето на активности и непочитување на наведените законски и подзаконски акти за спроведување на целосен попис предизвикува неможност да се утврди и евидентира фактичката состојба на производите во туѓ склад, да се изврши нивно усогласување со сметководствената евиденција и за утврдените разлики да се изјасни органот на управување.

**Препорака:**

Надлежните органи да превземат активности за формирање на комисија за утврдување на фактичката состојба, изготвување на извештај и предлагање на мерки за постапување на надлежните органи.

11.3.4. “Македонски шуми” во своето работење воспоставила пракса на склучување на договори за закуп на објекти и на известувачкиот датум 31.12.2007 година по овој основ се евидентирани и ненаплатени побарувања од закупнина во износ од 7.574 илјади денари. До денот на ревизијата вкупно ненаплатени побарувања од закупнини евидентиран е износ од 8.597 илјади денари, што укажува на непочитување на динамиката на наплата на побарувања по основ на закупнина. Непочитување на одредби во договорите и непревземање навремени мерки за наплата на побарувањата по овој основ предизвикуваат неможност од остварување на очекуван прилив на парични средства од закуп и користење на средствата за тековно работење на претпријатието.

**Препорака:**

Да се превземат мерки и активности за оценка на одредбите на Договорите и по потреба да се вградат одредби за обезбедување на побарувањата и да се пристапи кон целосна наплата на побарувањата.

11.3.5. “Македонски шуми” во сметководствената евиденција не врши евидентирање на каматните листи за редовни и затезните камати на стасаните, а неплатени обврски по основ на кредитна линија по Договор за регулирање на превземени обврски по основ на денарски кредити пренесени на Агенцијата за санација на банки согласно Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија број 05-390 од 07.03.2000 година, Договор за целосна наплата на побарувањето од ЈП “Македонски шуми”-Скопје по основ на користени кредити од Меѓународна банка за обнова и развој број 05-1759/2 од 05.07.2000 година и Анекс 2 кон Договорот број 05-1759/2 од 05.07.2000 заведен под број 05-1759/2 од 25.01.2001 година. Неевидентирање на трошоци за редовни затезни камати не е во согласност со МСС и Законот за трговски друштва. Непочитување на МСС и законската регулатива предизвикува нереално и необјективно прикажување на позициите во финансиските извештаи на претпријатиeто.

**Препорака:**

Да се превземат мерки и активности за усогласување и утврдување на обврските по основ на редовни и затезни камати со надлежните органи и изврши нивно евидентирање во трговските книги.

## 11.4. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба

11.4.1. На позицијата Останати платени трошоци за идни периоди и недостасана наплата на приходи во Билансот на состојба на 31.12.2007 година во Подружница Куманово евидентирано е салдо во износ од 45.556 илјада денари. Наведеното салдо потекнува од евидентирани книжни задолженија од Дирекција за извршени плаќања по Пресуди за тужби од вработени за неисплатени плати и придонеси од минати години. Во сметководствената евиденција на Подружницата не се превземени мерки и не е извршено расчистување на наведената позиција односно не е извршено раскнижување и намалување на обврските кои ги има Подружницата по основ на обврски спрема вработени за неисплатени плати и придонеси и евидентирање на трошоци за камати и судски трошоци. Несоодветно евидентирање на книжните задолженија не е во согласност со Законот за трговски друштва. Непочитување на законската регулатива, неуредно и неажурно евидентирање на промените во трговските книги предизвикува нереално и необјективно прикажување на наведената позиција во Билансот на состојба на претпријатието.

11.4.2. На позицијата останато одложено плаќање на трошоците и приходите во идните периоди во Билансот на состојба е искажан износ од 47.260 илјади денари. Со увид во документацијата врз основа на која е

евидентирана оваа позиција во Подружниците е констатирано дека се евидентирани пренесени состојби од позициите на кои се евидентираат исправка на вредноста на побарувања од купувачите во периодот од пред 1999 година, неисплатени плати во периодот пред 2003 година, продажба на лизинг и отпис на обврски за шумска полиција и проширена репродукција заклучно со 31.12.2004 година по Заклучок на Влада на Република Македонија број 19 – 2577/1 од 14.07.2005 година. Искажаните состојби не се поткрепени со целосни и комплетирани сметководствени документи туку само книговодствено се пренесени состојбите од позицијата исправка на вредноста на побарувањата од купувачите и нето плати на позицијата одложено плаќање на трошоците и приходите во идните периоди, што не е во согласност со Законот за трговски друштва. Ваквата состојба и непревземањето на активности за обезбедување на потребните/веродостојни документи за наведените состојби кои потекнуваат од поранешни години не се превземени соодветни активности за реално утврдување и раскнижување/отпишување на наведените позиции предизвикува неможност од утврдување на реалноста и објективноста на наведените позиции и намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат тие.

**Препораки:**

Да се превземат мерки и активности за раскнижување на сите платени Извршни судски решенија и евидентирање на промените во деловните книги согласно МСС и Законската регулатива.

“Македонски шуми” да ги превземе потребните мерки и активности за обезбедување на целосни/комплетирани и веродостојни документи и предлагање мерки на надлежните органи за постапување по утврдените состојби.

11.5. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.5.1. При увид во начинот на спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки во делот на набавка на нафта и нафтени деривати и набавка за сеча, дотур и превоз на огревно и техничко дрво во вкупен износ од 783.750 илјади денари “Македонски шуми” не обезбедило доследно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:

1. Извршени се набавки на нафта и нафтени деривати во Подружниците во износ од 45.332 илјади денари за кои не се почитувани одредбите од Законот за јавни набавки односно не е спроведена постапка за јавна набавка и
2. “Македонски шуми” кон крајот на 2006 година и почетокот на 2007 година по пат на Отворен меѓународен повик спроведува постапка за јавна набавка за сеча, дотур , утовар и превоз на огревно и техничко дрво во износ од 738.418 илјади денари. За да се изврши увид во спроведувањето и реализацијата на постапката за јавни набавки по наведените повици, ревизијата изготви табеларни прегледи за доставување на потребните податоци од Подружниците, насоки за пополнување на истите, и истите преку менаџментот на претпријатието беа доставени до 29

Подружници. До денот на ревизијата Подружниците “Беласица” од Струмица и “Плачковица” од Виница доставија делумни податоци поради што ревизијата не е во можност да даде мислење, со што е извршено ограничување на делокругот на ревизијата кое не е во согласност со одредбите на Законот за државната ревизија.

Од увидот на доставените податоци од преостанатите Подружници ревизијата констатира состојби кои не се во согласност со дадените насоки за изготвување на бараните податоци, одредбите на Законот за јавни набавки и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и тоа :

- Седумнаесет Подружници (што претставува 63% од вкупно доставените податоци), не извршиле усогласување на внесените податоци во табеларните прегледи со приложената аналитичка евиденција на сметката обврски спрема добавувачите, со што извршија оневозможување на утврдување на конкретните состојби (прилог број 1)
- Подружница шумско стопанство Тетово склучило 8 договори за сеча на дрво во количина од 5.900м$^3$ , и еден договор за дотур на дрва во количина од 700м$^3$, иако за ова подрачно шумско стопанство во тендерската спецификација за сеча, дотур и превоз по Отворен повик број 07-3357/2 и повторен Отворен повик број07-3357/10 нема предвидени количини за сеча и дотур на дрва (прилог број 2).
- само од девет Подружници доставените податоци беа изготвени и усогласени согласно барањето и дадените упатства на ревизијата. Од увидот во овие податоци, ревизијата констатира дека во шест подружници содржани во прегледот број 3, извршени се набавки во износ од 9.439 илјади денари за кои нема склучено договор за извршување на наведените работи/услуги, извршени се набавки над договорениот износ во договорот за јавна набавка во износ од 6.660 илјади денари и склучени се договори во поголем износ од тендерската документација за количина од 2.694 м$^3$

Поради недоставени, нецелосни и неусогласени податоци од 19 Подружници, ревизијата неможе да добие разумно уверување дека средствата се потрошени законски и наменски.

Ваквата состојба предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата, необезбедување на фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките. За утврдената состојба од областа на јавните набавки дадена е препорака во делот на системот на интерни контроли.

11.5.2. Од извршена ревизија на располагањето со парични средства во готово кај дел од Подружниците на “Македонски шуми” констатирани се состојби кои не се во согласност со Законот за платниот промет и Законот за трговски друштва и тоа:

- не се врши редовна уплата на прибраните парични средства од дневен пазар примени во готово на сметката кај носителот на платен промет,
- прибраните парични средства по основ на продажба на готови производи Подружниците ги користат за подмирување на дневни потреби односно материјални трошоци;

- Подружница Демир Хисар воспоставила пракса на давање и враќање на парични средства од благајна на име аванси на секачи и дотурачи. До 31.12.2007 година по овој основ исплатени се вкупно средства во износ од 34.625 илјади денари и вратени 24.768 илјади денари. На известувачкиот датум салдото на сметката дадени аванси на вработени изнесува 9.857 илјади денари. На ревизијата не и беа презентирани прилог списоци на лица на кои се дадени и од кои се вратени наведените средства во благајна.

Нередовна уплата на дневен пазар, користење на истите за материјални трошоци, како и давање на парични средства на име аванси без уредна и веродостојна документација предизвикува ризик и можност од ненаменско и незаконско користење на парични средства и нивна злоупотреба.

**Препорака:**

Менаџментот и Управниот одбор да превземат активности и мерки за воспоставување на систем на котрола на располагањето и плаќањето со готови парични средства во Подружниците на “Македонски шуми”.

11.5.3. На позицијата побарувања од вработени на 31.12.2007 година евидентирани се побарувања во износ од 29.724 илјади денари. Од извршена ревизија на Дирекција и дел од Подружниците ревизијата констатира дека преовладуваат дадени парични средства во готово на име аванс на вработени и лица кои не се во работен однос во претпријатието (секачи, дотурачи и др.) кои извршувале активности за претпријатието. Наведените побарувања потекнуваат од минати години, нивната наплата е неизвесна и за истите не се превземени навремени мерки за нивно враќање што не е во согласност со Законот за облигациони односи. Непревземање на навремени мерки за враќање на дадените аванси придонело одлевање на парични средства и намалување на солвентноста и ликвидноста на претпријатието. Менаџментот на претпријатието во 2008 година има донесено интерни акти со кои се регулира начинот на давање и враќање на парични средства на име аванс за што ревизијата за овој дел од утврдената состојба недава препорака.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието да превземат активности за утврдување на одговорноста на лицата кои придонеле за ваквата состојба.

11.5.4. Подружница Стогово-Дебар во текот на своето работење воспоставила пракса на редовна месечна исплата на парични средства на вработените за исплата на плата на име авансна плата. Исплатените парични средства по овој основ до 31.12.2007 година изнесуваат 7.360 илјади денари, а до денот на ревизијата овој износ континуирано се зголемува и изнесува 9.156 илјади денари, што не е во согласност со донесената политика за исплата на плати на ниво на претпријатието. Ваквата воспоставена пракса предизвикува користење на средства на претпријатието, за исплати на име аванс за плати, одлевање на средства од претпријатието и нерамноправна положба на вработените во “Македонски шуми”.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење во претпријатието да го известат одговорното лице на Подружницата за прекин на воспоставената пракса, да извршат дополнителна контрола и за утврдените состојби да превземат соодветни мерки.

11.5.5. “Македонски шуми” за вршење на основната дејност на претпријатието во 2006 година склучило три договори со “Минерва” Скопје во вкупен износ од 27.273 илјада денари за набавка на опрема Со ревизија на договорите констатирано е следното:

- Договор број 07-183 од 17.05.2006 година за набавка на 3 броја жичари со агрегат со вкупна вредност од 10.684 илјади денари. Извршена е набавка на 3 жичари со агрегат со поединечна вредност од 3.561 илјади денари, од кои само една жичара со агрегат е во функција и работи, а останатите две не се ставени во функција и не се употребуваат. Договорот е исплатен во целост.
- Договор број 03-2/66 од 15.06.2006 година за набавка на 3 броја трактори со дводобош витло со вкупна вредност од 7.148 илјади денари. Извршена е набавка на еден трактор со двобош витло со поединечна вредност од 2.383 илјади денари и не е извршена испорака на останатите два броја трактори и покрај тоа што е извршено плаќање на аванс од 1.430 илјади денари што претставува 20% од вкупната вредност на договорот и
- Договор број 03-2/67 од 15.06.2006 година за набавка на 3 броја дигалки вградени на трактор со вкупна вредност од 9.441 илјада денари. Не е извршена набавка на дигалките, иако е платен аванс од 1.888 илјади денари што претставува 20% од вкупната вредност на договорот.

Испорачателот на опремата не се придржувал кон одредбите во договорите, односно не е извршена договорената испорака на опрема во предвидениот рок за испорака и договорена количина, и покрај тоа што нарачателот извршил уплата на парични средства на име 20% аванс пред испораката во вкупна вредност од 3.318 илјади денари. За дел од опремата која е пристигната ревизијата не доби разумно уверување за оправданоста на набавките од причина што дел од пристигнатата опрема од денот на пристигнување не е во функција, односно не се користи. Непочитување на потпишаните договори и непревземање на навремени мерки за испорака на опрема согласно предвидената динамика и во договорена количина предизвикале одлевање на парични средства од претпријатието во износ од 14.001 илјади денари. Менаџментот на претпријатието во текот на 2008 година превземал мерки за утужување на наведениот добавувач за што ревизијата во овој дел од утврдената состојба не дава препорака.

**Препорака:**

Менаџментот на претпријатието да превземе активности за подготвување и ставање во функција на набавената и пристигната опрема.

11.5.6. Со извршена ревизија на позициите обврски спрема добавувачи во земјата и обврски спрема добавувачи за нефактурирани стоки кај дел

од Подружниците на "Македонски шуми" во Подружниците во Кавадарци, Струмица, Прилеп и Куманово констатирани се претплатни салда во износ од 11.442 илјади денари, кои се однесуваат за исплати на парични средства без постоење на обврска или во поголем износ од евидентирана обврска. За наведените исплати на парични средства на ревизијата не и беше доставена уредна и веродостојна документација Вршење на плаќања на средства и нивно несоодветно евидентирање во сметководствената евиденција како и непостоење на уредна и веродостојна документација за истите не е во согласност со Законот за трговски друштва и Правилникот за содржина на сметките во сметковниот план. Непочитување на законската регулатива и несоодветна сметководствена евиденција предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата по однос на извршените плаќања во износ од 11.442 илјади денари.

**Препорака:**

Да се превземат мерки и активности за расчистување на претплатните салда на обврски спрема добавувачи и обврски за нефактурирани стоки, да се утврди старосна структура, основот за извршените плаќања и утврдување на можност и мерки за враќање на истите.

11.5.7. На позицијата краткорочни обврски по основ на заеми и кредити на 31.12.2007 година искажани се обврски во вкупен износ од 34.025 илјади денари. Наведеното салдо произлегува по основ на повеќе склучени договори за задолжување во Конечен период односно склучено во 2001, 2003, 2004 и 2006 година во вкупен износ од 143.420 илјади денари, со каматни стапки на годишно ниво од 11,5%-12% односно на месечно ниво 1%-2,5%, со рок на враќање и услови на плакање опишано во прилог број 4.

Со ревизија на склучените договори за задолжување констатирано е дека "Македонски шуми" не врши редовно сервисирање на превземените обврски согласно предвидената динамика за враќање и амортизациониот план при што на име затезни камати до денот на ревизијата направени се трошоци во износ од 2.383 илјади денари.

За извршеното задолжување и превземање на краткорочни обврски по основ на заеми и кредити на ревизијата не и беше презентирана согласност од основачот што не е во согласност со одредбите на Законот за јавен долг и Законот за јавните претпријатија. Непочитување на законската регулатива и задолжување без согласност од основачот и создавање на трошоци за камати и затезни камати за извршените задолжувања предизвикува ризик од незаконско користење на средствата на претпријатието и намалување на ликвидноста.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието пред донесување на одлуки и решенија за задолжување на претпријатието да извршат целосна анализа за финансиската состојба и ликвидност на претпријатието и да ги обезбедат потребните акти од надлежните органи ( Министерство за финансии и Влада на Република Македонија).

11.5.8. На позицијата долгорочни обврски по основ на заеми и кредити на 31. декември 2007 година искажани се обврски во вкупен износ од 176.842

илјади денари. Со увид во сметководствената евиденција ревизијата констатира дека на наведената позиција е евидентирана останата обврска од стара кредитна линија по Договор за регулирање на превземени обврски по основ на денарски кредити пренесени на Агенцијата согласно Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија број 05-390 од 07.03.2000 година, Договор за целосна наплата на побарувањето од ЈП “Македонски шуми”-Скопје по основ на користени кредити од Меѓународна банка за обнова и развој број 05-1759/2 од 05.07.2000 година и Анекс 2 кон Договорот број 05-1759/2 од 05.07.2000 заведен под број 05-1759/2 од 25.01.2001 година. Предмет на договорите и анексот е регулирање на односите помеѓу Агенцијата и “Македонски шуми” по однос на превземени обврски од ПОС “Бабуна Велес” и ПОС “Голак” Делчево по основ на користени денарски кредити, пренесени на Агенцијата согласно Законот за санација и реконструкција на дел од банките во РМ. За евидентираната обврска до денот на ревизијата “Македонски шуми” нема извршено уплата на парични средства за сервисирање на остатокот на долгот на сметката на Агенцијата, што е спротивно на Законот за трговски друштва и одредбите од договорите и анексите. Непочитување на Законот и договорите, како и несервисирање на превземените обврските кои “Македонски шуми” ги има спрема Агенцијата – Министерството за финансии, предизвикува дополнителни расходи, односно потценување на приходите на Буџетот на Република Македонија.

**Препорака:**

Надлежните органи на претпријатието да превземат активности во соработка со Министерството за финансии да го уредат начинот на подмирување на доспеаните обврски.

11.6. **Ефекти од ревизијата**

11.6.1. Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 11.1.; 11.2.; 11.3; 11.4. и 11.5. предизвикуваат: невоспоставени интерни контроли во работењето во делот на процесот на јавни набавки и процесот на располагање со готови парични средства, непочитување на донесените сметководствени политики, МСС, Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, непочитување на Законот за трговски друштва и Законот за јавни набавки, ненаменски и незаконски исплати на средства од благајна без постоење на уредна и веродостојна документација, непочитување на склучени договори за набавка на опрема, неуплаќања на средства на сметка на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, невоспоставени политики за следење и наплата на приходи од закуп на деловен простор и задолжување кај деловни банки без согласност од основачот.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.2.; 11.3.; 11.4 и 11.5. финансиските извештаи не ја преставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на “Македонски шуми” под 31 Декември 2007 година, резултатите од работењето и паричните текови за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.2. и 11.5. кај “Македонски шуми” не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2007 година.

14. Не изразувајќи резерва во нашето мислење, обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

14.1. Ценејќи ги состојбите во кои се наоѓа „Македонски шуми“ а пред се во неможноста за редовно и континуирано подмирување на обврските за даноци и придонеси (данок на додадена вредност, данок од добивка, персонален данок, придонес за пензиско инвалидско осигурување, придонес за здравствено осигурување и придонес за вработување) кои според утврдените состојби од страна на ревизијата со состојба 31.12.2007 година изнесуваат 1.414.335 илјади денари, што влијае врз можноста за нормално и континуирано извршување на дејноста на претпријатието од една страна, и фактот дека „Македонски шуми“ е основана од страна на Владата на Република Македонија за стопанисување со шумите во државна сопственост за стопанска намена, ревизијата упатува на Менаџментот, Управниот одбор и основачот – Влада на Република Македонија да превземат соодветни активности и мерки и да изработат, предложат и донесат соодветна програма и акт за изнаоѓање на начин за надминување/консолидација на наведената финансиска состојба односно создавање на услови за континуитет на претпријатието и водење на грижа за континуирано одгледување, користење и заштита на шумите како природно богатство.

14.2. Согласно одредбите на Законот за шумите донесен на 10 септември 1997 година е утврдена потребата од донесување на општ план за период од 20 години со кој треба да се утврдат: природните услови и можностите за опстанок, обнова и развој на шумите, состојбите на шумите по вид, очуваност, дрвна маса, прираст, отвореност, загрозеност од негативни влијанија, општите насоки и цели на идното стопанисување и мерките за одгледување, заштита, развој, унапредување и проширување на шумскиот фонд во Република Македонија и ќе преставува основа за донесување на посебните планови за стопанисување со шумите. Со измените на наведениот закон во текот на 2004 година односно во 2007 година извршено е пролонгирање на рокот на донесување „*општиот план за стопанисување со шумите ќе се донесе во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон*“ односно наместо во текот на 1999 година, односно 31 јули 2007 година е пролонгиран до 31 јули 2009 година. Недонесувањето на општиот план влијае негативно на погоренаведените состојби за што ревизијата упатува на потребата надлежните органи да ги превземат потребните мерки за негово изработување и донесување.

14.3. “Македонски шуми” во своето работење континуирано се соочува со плаќања на средства по основ на правосилност и извршност на правосилни судски одлуки за разлики поради помалку исплатени плати и придонеси за пензиско и инвалидско осигурување од минати години на лица вработени во претпријатието и ДООЕЛ-ите каде “Македонски шуми” се јавува како основач. Со ревизијата е констатирано дека започнувајќи од 2000 година заклучно со 31.12.2007 година на име исплати по Извршни судски решенија исплатени се средства во износ од 511.726 илјади денари, а до денот на ревизијата овој износ изнесува 561.607 илјади денари. Одлевање на парични средства по овој основ предизвикале неможност за одржување на солвентноста и ликвидноста на претпријатието.

14.4. На ден 04.08.2005 година Управниот одбор на “Македонски шуми” донел Одлука за спроведување постапка за издвојување на делови од Јавното претпријатие и нивно организирање во друштва со ограничена одговорност – ДООЕЛИ заведена под број 02-1579/2. Со наведената Одлука извршено е издвојување и основање на 10 ДООЕЛ-и и тоа 7 пилани, 2 рибника, печуркара и компостара како несуштински делови од претпријатието. Согласно член три од наведената одлука при издвојување на несуштинските делови извршена е поделба на средствата и обврските помеѓу “Македонски шуми” и новоосованите ДООЕЛ-и. Во текот на ревизијата беше извршен теренски увид на дел од наведените објекти при што ревизијата го констатира следното:

- основаните ДООЕЛ-и се во тешка финансиска состојба и постоечките производни капацитети не се во функција односно не ја извршуваат дејноста за која се основани;
- “Македонски шуми” од основањето до денот на ревизијата се соочува со континуитан одлив на парични средства по основ на Извршни судски решенија за неисплатени плати и придонеси на вработени во ДООЕЛ-ите кои до моментот на издвојување биле во работен однос кај основачот и
- Во Билансот на состојба на “Македонски шуми” на позицијата побарувања од купувачи – Пилани има евидентирано ненаплатени побарувања во вкупен износ од 21.402 илјади денари чија наплата е неизвесна поради тешката финансиска положба и континуирана загуба на истите.

Ваквата состојба со ДООЕЛИ-те чиј основач е “Македонски шуми” предизвикува одлевање на парични средства од претпријатието, неможност од остварување на очекуван прилив по основ на ненаплатени побарувања и предизвикува намалување на солвентноста и ликвидноста на “Македонски шуми”.

**Овластен Државен Ревизор**

Скопје, 27.11.2008 година

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2007 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 1,453,831 | 1,402,247 |
| Останати деловни приходи | 217,262 | 237,654 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **1,671,093** | **1,639,901** |
| Залиха на почетокот на периодот | 108,277 | 117,053 |
| Залиха на крајот на периодот | 108,611 | 105,800 |
| Материјални трошоци | 722,402 | 652,678 |
| Трошоци за бруто плати | 560,477 | 460,306 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 35,336 | 28,755 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 18,719 | 5,536 |
| Резервирања за трошоци и ризици | 124,360 | 112,452 |
| Останати оперативни трошоци | 327,372 | 331,194 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **1,788,332** | **1,602,174** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 1,255 | 2,139 |
| Приходи од учества на вложувања | 153 | 4,838 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 18,730 | 13,938 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **(134,561)** | **30,766** |
| Вонредни расходи | - | 611 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(134,561)** | **30,155** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **(134,561)** | **30,155** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 15,379 | 18,808 |
| Побарувања по основ на продажба | 548,099 | 595,248 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 10,967 | 20,445 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 828 | 2,175 |
| Други краткорочни побарувања | 71,319 | 73,707 |
| Платени трошоци за идните периоди | 63,869 | 47,319 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 16,925 | 14,176 |
| Залихи | 168,203 | 166,994 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 15 | 15 |
| **Вкупно тековни средства** | **895,604** | **938,887** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 52,492,295 | 52,464,569 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 45,311 | 45,317 |
| **Вкупно нетековни средства** | **52,537,606** | **52,509,886** |
| **Вкупна актива** | **53,433,210** | **53,448,773** |
| **Вонбиласна евиденција-Актива** | | |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 186,275 | 178,760 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 8,510 | 8,545 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 3,305 | 7,160 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 34,542 | 50,577 |
| Останати краткорочни обврски | 1,657,452 | 1,550,386 |
| Одложени плаќања на трошоци | 55,982 | 50,061 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **1,946,066** | **1,845,489** |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни обврски | 177,285 | 195,225 |
| Долгорочни резервирања | 205,631 | 202,915 |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 45,010,047 | 44,976,398 |
| Ревалоризациона резерва | 6,845,922 | 6,845,922 |
| Резерви | 342,477 | 342,481 |
| Акумулирана добивка | 29,996 | 29,996 |
| Пренесена загуба | 989,653 | 989,653 |
| Загуба за финансиска година | 134,561 | - |
| **Вкупно капитал и резерви** | **51,104,228** | **51,205,144** |
| **Вкупна пасива** | **53,433,210** | **53,448,773** |
| **Вонбиласна евиденција-пасива** | | |

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2007 ГОДИНА**

| О П И С | Државен јавен капитал | Резерви | Ревалоризациона резерва | Акумулирана добивка | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **44,976,398** | **342,481** | **6,845,922** | **29,996** | **(989,653)** | **51,205,144** |
| Загуба за финансиска година | | | | | (134,561) | **(134,561)** |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | 33,649 | (3) | | | | **33,646** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **45,010,047** | **342,478** | **6,845,922** | **29,996** | **(1,124,214)** | **51,104,229** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2007 ГОДИНА

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2006/2007** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(134,561)** |
| Амортизација | 35,336 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 1 |
| **Готовински текови од работење** | **(99,224)** |
| Побарувања по основ на продажба | 47,146 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 9,478 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 1,347 |
| Други краткорочни побарувања | 2,388 |
| Платени трошоци за идните периоди | (16,550) |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | (2,749) |
| Залихи | (1,209) |
| Обврски спрема добавувачи | 7,515 |
| Примени аванси, депозити и кауции | (35) |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | (3,855) |
| Краткорочни обврски од финансирање | (16,035) |
| Останати краткорочни обврски | 107,066 |
| Одложени плаќања на трошоци | 5,921 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **41,204** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | 6 |
| Нематеријални и материјални вложувања | (29,415) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(29,409)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | |
| Обврски по долгорочни кредити | (17,940) |
| Долгорочни резервирања | 2,716 |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **(15,224)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **(3,429)** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **18,808** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **15,379** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1106-29/2**

**Скопје, 28.01. 2009 година**

Врз основа на член 23 став 6 од Законот за државна ревизија (“Сл. весник на РМ” бр. 65/97, 70/2001, 31/2003, 19/2004, 70/06 и 133/07), постапувајки по добиениот Приговор по Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ П.О. Скопје (во понатамошниот текст Јавното претпријатие) за 2007 година заведен под број 1105-29/1 од 13.01.2009 година, Главниот државен ревизор го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

***По поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот поднесен на **точките 11.1.1; 11.1.2; 11.2.1; 11.2.3; 11.2.4; 11.3.1; 11.3.2; 11.3.3; 11.3.4; 11.3.5; 11:4.1;11.4.2; 11.5.1; 11.5.2;11.5.3; 11.5.4; 11.5.5; 11.5.6; 11.5.7. и 11.5.8.** од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ П.О. Скопје за 2007 година **не се прифаќа**.

2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во Годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми" П.О. Скопје за 2007 година поднесен е приговор број 1105-29/1 од 13.01.2009 година. Со поднесениот приговор законскиот застапник на Акционерското друштво не достави дополнителни докази со кои може да се оспорат или преиначат утврдените состојби во Конечниот извештај, освен известувањето за превземените мерки и приложените докази по истите, со што овластениот државен ревизор ги дава следните образложенија за неприфаќање на приговорот:

1. Упатениот приговор на **точката 11.1.1.** кој се однесува на констатацијата за констатиран ризик на можни злоупотреби, при располагање со парични средства во благајна, поради нецелосна уплата на истите на име дневен пазар

и користење на истите за материјални трошоци кај дел од подружниците и исплата на име аванси при располагање со парични средства, **не претставува приговор,** туку известување од страна на Јавното претпријатие за: превземените мерки за воспоставување на системот на интерни контроли во процесот на наплата и плаќање, односно располагање со паричните средства во благајна на Подружниците и превземените мерки против лицата одговорни за утврдените состојби. Во прилог на наведеното доставени се: Наредба број 02-2923/1 од 16.12.2008 година и Записници за извршена контрола на материјално финансиското работење на Подружница: ПШС "Стогово"-Дебар, ПШС "Бигла"- Демир Хисар, ПШС "Црн Бор"- Прилеп, ПШС "Бор"- Кавадарци, ПШС "Јабланица"- Струга, ПШС "Беласица" Струмица и ПШС "Куманово" Куманово, како и пријава до надлежниот орган за злоупотреба на службена должност на „ раководителот на ПШС "Бигла"- Демир Хисар и шефот на служба за финансиски работи во ПШС "Бигла"- Демир Хисар".

2. Упатениот приговор на **точката 11.1.2.** кој се однесува на констатацијата за невоспоставени соодветни контролни системи и постапки (ex-ante и ex-post финансиска контрола), со што се создава ризик од недоследно почитување на законските и подзаконските акти во делот на јавните набавки, **не претставува приговор,** туку известување од страна на Јавното претпријатие за пристапување кон пропишување, донесување и имплементирање на контролни постапки во процесот на јавни набавки. Пристапено е кон: изготвување на Правилник за контрола на процесот на јавни набавки во фаза на склучување на договори и контрола во фаза на извршени финансиски трансакции помеѓу договорните страни; формирање на Комисија за вршење контрола на склучените договори за доделените договори за јавни набавки и контрола на исплатени средства по склучените договори и пропишана е политика за континуирана едукација на вработените за подготвување и спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки.

3. Упатениот приговор на **точката 11.2.1**. кој се однесува на констатацијата за висината на обврските за: данок на додадена вредност, данок од добивка, персоналниот данок на други примања и персоналниот данок од плати **не претставува приговор,** туку известување од страна на Јавното претпријатие дека е поднесено Барање до основачот-Владата на Република Македонија за отпис на обврските од јавни давачки и дека истото е поднесено заедно со предлог моделот за трансформација на Јавното претпријатие.

4. Упатениот приговор на **точката 11.2.3**. кој се однесува на констатацијата за неплаќање на пресметаните обврски спрема Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за шумска полиција и проширена репродукција, **не претставува приговор,** туку известување за превземени мерки односно извршено плаќање на обврските за шумска полиција и упатено Барање број 02-41/1 од 08.01.2009 година до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со предлог за склучување на Договор со кој ќе се регулира начинот на плаќање на обврските на име проширена репродукција.

5. Упатениот приговор на **точката 11.2.4**. кој се однесува на констатацијата за непостоење на целосна веродостојна документација (имотни листови) со кои се докажува сопственоста на имотот со кој располага и го користи Јавното претпријатие, **не претставува приговор,** туку известување за превземени мерки по однос на дадена препорака. Менаџментот на јавното претпријатие доставува Барање број 02-2924/1 од 16.12.2008 година до Подружниците со кое ги задолжува до Дирекција да доставуваат редовно податоци за превземените мерки и активности за запишување на правото на користење со кое располагаат

и стопанисуваат Подружниците за што во дел од Подружниците постапката за добивање имотни листови комплетно е завршена, а кај дел е во тек. Во прилог кон приговорот се доставени Известувањата од Подружниците.

6. Упатениот приговор на **точката 11.3.1**. кој се однесува на констатацијата за недоследно применување на донесените сметководствени политики за начинот на признавање и непризнавање на краткорочните побарувања во финансиските извештаи, **не претставува приговор,** туку известување за превземени мерки по дадена препорака од овластениот државен ревизор. Имено со Одлука број 02-2928/1 од 16.12.2008 година формирана е Комисија за евидентирање на сомнителни, спорни и ненаплатени побарувања и воедно доставени се информации за спроведените промени во трговските книги за ПШС во Куманово.

7. Упатениот приговор на **точката 11.3.2**. кој се однесува на констатацијата за нецелосно превземените мерки за обезбедување и наплата на побарувања од купувачи, **не претставува приговор,** туку известување за превземени мерки по дадена препорака. Со Одлука број 02-2928/1 од 16.12.2008 година формирана е Комисија која врши проценка на ненаплатени побарувања и можноста за нивна наплата, а по конечна проценка истата е задолжена да даде препорака до Управниот одбор за отпис на побарувањата, по што ќе биде донесен акт за отпишување на ненаплатените побарувања.

8. Упатениот приговор на **точката 11.3.3**. кој се однесува на констатацијата за евидентирани производи (паркет) дадени кај други правни субјекти на доработка, непрезентиран документ за извршен попис, непостоење на пописна листа добиена од субјектот кај кого се дадени производите на доработка, како и непревземање активности за осознавање и утврдување на фактичката состојба на дадените производи, **не претставува приговор,** туку известување од страна на Јавното претпријатие за превземени мерки по дадената препорака. Со Одлука број 02-2921/1 од 16.12.2008 година формирана е Комисија за утврдување на фактичката состојба на позицијата производи во туѓ склад во ПШС "Галичица"-Охрид, по која одлука извршено е утврдување на фактичката состојба и изготвен е Записник број 02-37/1 од 08.01.2009 година со кој е констатирано присуство само на 551,60 $м^2$ што претставува 36,96% од утврдената количина со Конечниот извештај.

9. Упатениот приговор на **точката 11.3.4**. кој се однесува на констатацијата за евидентирани и ненаплатени побарувања од закупнина, **не претставува приговор,** туку известување од страна на Јавното претпријатие за: превземени мерки по однос на дадената препорака во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор и извршена наплата на закупнина од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како закупец во ПШС "Беласица"-Струмица.

10. Упатениот приговор на **точката 11.3.5**. и **точката 11.5.8**. кои се однесуваат на констатацијата за неизвршено евидентирање на каматните листи за редовните и затезните камати на стасаните, а неплатени обврски по основ на кредитна линија по Договор за регулирање на превземени обврски по основ на денарски кредити пренесени на Агенцијата за санација на банки, **не претставува приговор,** туку известување од страна на Јавното претпријатие за превземени мерки по однос на дадената препорака односно доставено е Барање број 02-2926/1 од 16.12.2008 година со кое побарано е од Министерството за финансии усогласување и утврдување на обврски по основ на денарски кредити пренесени на Агенцијата за санација на банки и утврдување на начинот на подмирување на пренесената обврска.

11. Упатениот приговор на **точката 11.4.1**. кој се однесува на констатацијата за евидентирано салдо на позицијата останати платени трошоци за идни периоди во Подружница Куманово кое потекнува од евидентирани книжни задолженија од Дирекција за извршени плаќања по Пресуди за тужби од вработени за неисплатени плати и придонеси од минати години и непревземени мерки и не извршено раскнижување и намалување на обврските кои ги има Подружницата по основ на обврски спрема вработени за неисплатени плати и придонеси и евидентирање на трошоци за камати и судски трошоци, **не претставува приговор,** туку известување од страна на Јавното претпријатие за превземени мерки по однос на дадената препорака од овластениот државен ревизор. Со Наредба број 02-2945/1 од 18.12.2008 година формирана е Комисија за контрола на сите пристигнати извршни судски решенија кои се однесуваат на Подружница Куманово и превземени се активности за расчистување и раскнижување на позицијата останати платени трошоци за идни периоди.

12. Упатениот приговор на **точката 11.4.2**. кој се однесува на констатацијата за непревземањето на активности за обезбедување на потребните/веродостојни документи за наведените состојби кои потекнуваат од поранешни години и непревземање соодветни активности за реално утврдување и раскнижување/отпишување на наведените позиции и предизвикување на неможност од утврдување на реалноста и објективноста на позицијата останато одложено плаќање на трошоците и приходите во идните периоди, **не претставува приговор,** туку известување од страна на Јавното претпријатие за превземени мерки по однос на дадената препорака. Изготвени се Записници од извршена контрола во ПШС ”Стогово”- Дебар и ПШС ”Бор”- Кавадарци и превземени се потребните корективни мерки и активности.

13. Упатениот приговор на **точката 11.5.1**. кој се однесува на констатацијата за извршена набавка на нафта и нафтени деривати спротивно на Законот за јавни набавки **не претставува приговор,** туку наведување на причините за таквата состојба и известување од страна на Јавното претпријатие дека во 2009 година отпочната е постапка за набавка на нафта и нафтени деривати со која доследно се почитуваат одредбите од Законот за јавни набавки.

14. Упатениот приговор на **точката 11.5.2**. кој се однесува на констатацијата за нередовна уплата на дневен пазар, користење на истите за материјални трошоци, како и давање на парични средства на име аванси без уредна и веродостојна документација во Подружница ”Бигла”- Демир Хисар **не претставува приговор,** туку известување од страна на Јавното претпријатие за превземени мерки по дадена препорака. По издадена Наредба број 02-2922/1 од 16.12.2008 година за контрола на материјално финансиското работење, по која Наредба е постапено и е изготвен записник од извршена контрола согласно кој е покрената кривична пријава против одговорното лица во Подружницата.

15. Упатениот приговор на **точката 11.5.3**. кој се однесува на констатацијата за дадени парични средства во готово на име аванс на вработени и лица кои не се во работен однос во претпријатието (секачи, дотурачи и др.) кои извршувале активности за претпријатието и непревземање навремени мерки за нивно враќање**, не претставува приговор,** туку известување од страна на Јавното претпријатие за превземени мерки по дадената препорака. Со Одлука број 02-2946/1 од 18.12.2008 година формирана е Комисија за проценка на побарувања по основ на дадени аванси, при што во самата одлука дадени се конкретни задолжувања на комисијата.

16. Упатениот приговор на **точката 11.5.4**. кој се однесува на констатацијата за воспоставена пракса во Подружница ”Стогово”- Дебар на редовна месечна исплата на парични средства на вработените за исплата на плата на име авансна плата која предизвикува користење на средства на претпријатието, за исплати на име аванс за плати, одлевање на средства од претпријатието и нерамноправна положба на вработените во “Македонски шуми”, **не претставува приговор,** туку известување од страна на Јавното претпријатие за превземени мерки по дадената препорака.

17. Упатениот приговор на **точката 11.5.5**. кој се однесува на констатацијата за извршена набавка на опрема од Минерва Скопје, а за делот од опремата која е пристигната, ревизијата не доби разумно уверување за оправданоста на набавките од причина што дел од пристигнатата опрема од денот на пристигнување не е во функција, односно не се користи, **не претставува приговор,** туку известување од страна на Јавното претпријатие за превземени мерки по дадената препорака, односно известување дека се превземени мерки-дефектот на опремата која не била во функција е отстранет и опремата е ставена во употреба.

18. Упатениот приговор на **точката 11.5.6**. кој се однесува на констатацијата за констатирани претплатени салда на позициите обврски спрема добавувачи во земјата и обврски спрема добавувачи за нефактурирани стоки кај дел од Подружниците на “Македонски шуми” во Подружниците во Кавадарци, Струмица, Прилеп и Куманово**, не претставува приговор,** туку известување од страна на Јавното претпријатие за превземени мерки по дадена препорака. Со Одлука број 02-2920/1 од 16.12.2008 година формирана е комисија за проценка на претплатени салда по која изготвени се записници и превземени се потребните активности.

19. Упатениот приговор на **точката 11.5.7**. кој се однесува на констатацијата за задолжување без согласност од основачот и создавање на трошоци за камати и затезни камати за извршените задолжувања, **не претставува приговор,** туку известување од страна на Јавното претпријатие: дека утврдената состојба се однесува за претходниот менаџерски тим и во иднина при секое задолжување доследно ќе се почитува законската регулатива.

**Главен државен ревизор**

Скопје, 26.01.2009 година

**Тања Таневска**


*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*